јата што била потребна за следење на положбата со другите училишта што не ѝ припаѓале на Егзархијата. Во прегледот е прикажан износот на средствата што ги двоеле турските власти, како и вкупниот износ на средствата наменети за просветна дејност.

Средствата, односно приходите на Дирекцијата за просветување на Косовскиот вилает за 1904 година изнесувале 26 000 турски лири, а за 1905 и 1906 година тој приход е намален поради тоа што се изменил системот на собирање на турскиот данок. Скопскиот округ за 1904 година имал приход од 12 000 турски лири, а за 1905 и 1906 година тој приход е намален за 1 000 лири поради истите причини.

Бројот на егзархиските училишта, како и оние што не ѝ припаѓале на Егзархијата, од година во година се менувал, но останува да се одбележи фактот дека до балканските војни Отоманската Империја го толерирала постоењето на училиштата на кои наставата се изведувала на јазиците на соседните пропаганди. Менувањето на тој број обично се движел кон зголемување, што е последица од зголемените аспирации на пропагандите за Македонија по Илинденското востание.[4])

*Ј. АНДОНОВСКА*

## ФОТОГРАФИИТЕ ОД ФОНДОТ НА МИЛТОН МАНАКИ

Во Градскиот архив на Битола се наоѓа документациониот илустративен материјал од Милтон Манаки,првиот сниматeл на Балканот. Неговиот фонд, богат со фотографии, плочи, филмови, фотографски апарати, филмски камери и друго, грижливо се чува во посебни простории на архивот.

По последните години од животот на Манаки, според негови толкувања, направени се легенди за фотографиите, а тие се евидентирани од службени лица. Така, од 6 000 евидентирани плочи, ископирани се фотографии со одличен квалитет. Секоја фотографија е ставена во плик со означен инвентарен број, а легендите се напишани во неколку инвентарни книги. Иако е ова само едно грубо средување, по кое секако ќе следи целосно стручно обработување, материјалот е прилично достапен и од него со малку повеќе време може да се добие претстава за содржината и значењето на фотографиите.

Временски, фотографиите почнуваат од 1898 г., од кога датира и ателјето на Манаки, па сè до последните години од неговиот

---

[4]) Во излагањето се опфатени и училишта што немале пропаганден карактер, со намера да се прикаже интересирањето на Бугарската егзархија за нив.

живот. Што се однесува до тематиката, тие се најразлични и би можело да се групираат во неколку теми: фотографии што ги прикажуваат одделните историски настани и личности (како револуционери, турски паши и валии, конзули, војски од различни земји, прослави и манифестации по најразлични поводи, позначајни војни и јавни згради како касарни, конзулати, училишта и др.); фотографии преку кои се илустрираат етничките и фоклористичките особености на луѓе, од различни краишта и различни временски периоди, што минувале низ Битола; голем број фамилијарни фотографии и тоа на видни личности од градот како еснафи, трговци и друго, потоа многубројни свадби во градот и во блиските села. Инаку, хронолошки, фотографиите ги илустрираат најважните историски настани, почнувајќи од времето пред Илинденското востание, самото востание, Младотурската револуција, балканските војни и Првата светска војна, потоа — од времето на окупацијата и, на крајот, завршува со мал број фотографии од периодот по ослободувањето.

По вредност и значење, секако најинтересни се фотографиите со историска содржина. Авторот со големо внимание и интересирање ги следел најважните историски моменти од животот во градот во кој и самиот живеел. Извесен број фотографии се сврзани и со Јанина, каде што исто така подолго време живеел Манаки.

Меѓу најстарите фотографии се набројуваат оние што го претставуваат времето кога нашиот народ се наоѓал под турска власт. Тука спаѓаат разни паши, турски војници, турски касарни, турско оружје, турски војници при изведувањето воени маневри и др. Од ова време се и фотографиите што ја претставуваат просветната политика на туѓите пропаганди. Може да се набројат училишни згради од кои најмногубројни се од романското училиште, потоа професори, инспектори и ученици од училиштата. Од времето на Илинденското востание се среќаваат фотографии најмногу на турска војска, турски команданти, востанички чети и војводи.

Најмногуброен е документациониот материјал од времето на Младотурската револуција. Овој илустративен материјал е прилично богат и дава можност за постудиозно обработување. Фотографиите од ова време па сè до балканските војни најмногу ги претставуваат ликовите на водачите на Младотурската револуција, како Нијази-беј, Енвер-беј, зградата на резиденцијата од Нијази-беј, потоа многубројни младотурски одреди и офицери, од Ресен, Охрид и други места, што присуствувале на свеченоста во Битола одржана на денот на Уриетот. Исто така, од големо значење се и фотографиите на востаничките чети што тогаш слегувале од планина и им се придружувале на Младотурците. Меѓу другите, се истакнуваат четите на Блаже Биринчето, Ѕоле Стојчев, Васил Чакаларов и др. Од овој период се интересни и фотографиите од

разни дефилеа по главната улица во Битола, т.н. широк сокак, на турска војска, турски офицери, битолски турски великодостојници, валии, паши и др. Со своето значење се истакнува војската на Нијази-беј што тргнала за Цариград, потоа дефилето на турската војска пред конзулите, самиот конзуларен кор во Битола од 1908 г., турските црвени и бели касарни и многу други.

Од времето по Младотурската револуција, највпечатливи се фотографиите од пречекот на султан Мехмед Решад V во Битола во 1911 г. и некои други моменти сврзани со неговото доаѓање, како разни излети со неговите придружници на Тумбе Кафе и др. Од 1909 г. е фотографијата на учениците од Воената академија фотографирани заедно со Кемал Ататурк пред битолските касарни.

Релативните демократски слободи што народот ги почувствувал со Младотурската револуција биле искористени за обновување или засновање нови културно-уметнички друштва. Такви се „Бигленски јунак“ од 1910—1912 г., „Пелистерски јунак“ од Битола и Прилеп, „Младеж“ од Битола и др. Од ова време се среќаваат и фотографии од делегатите на Албанскиот конгрес во Дебар од 1909 г. Многубројни се и фотографиите од разни пропагандни чети што влегувале во Македонија од соседните држави.

Балканските војни се исто така еден од мотивите на збирката фотографии. Тука се наоѓаат српски, бугарски и други војски што минувале низ Македонија, посебно низ Битола. Фотографирани се, освен групи војници и нивните генерали, офицери па дури и кралеви што ја посетиле Битола, како грчкиот крал Константин, српскиот принц Александар. Од 1912 година е и фотографијата на Бранислав Нушиќ и др.

Првата светска војна била исто така историски настан што го привлекол вниманието на Милтоновиот фотографски апарат. Многубројните фотографии од ова време претставуваат оригинален историски материјал што зборува за движењето на туѓите војски во Македонија, посебно во Битола. Такви се фотографиите на германски, француски, англиски, бугарски, српски и други војски снимени при различни моменти, почнувајќи од нивното влегување во градот, потоа разни маневри, паради, фотографии од нивното оружје. Таква е фотографијата на група италијански војници пред запленет германски топ „Ева“ од 1916. Се среќаваат фотографии и на болници и медицински персонал од англиската и германската војска. Интересни и ретки се фотографиите на арапите што престојувале во Битола.

Периодот од Првата светска војна па сè до окупацијата на Македонија е помалку присутен меѓу фотографиите на Манаки. Од ова време се наоѓаат изгледи на Битола, при што најмногу е фотографирана главната улица по повод некои свечености, а најголемиот број се фамилијарни слики и фотографии на војници. Времето од окупацијата 1941 па до ослободувањето е илу-

стрирано преку бугарски и германски окупациони војски, разни политички и културни манифестации по повод различни празници. Фотографирани се и некои бугарски државници, градски управни тела, разни собири на видни личности на банкети и др. Меѓу другите, се наоѓаат и фотографии на германски новинари.

Веднаш по завршувањето на војната, Манаки успеал да направи неколку фотографии од народниот суд во Битола, потоа на партизански одреди, на пречекот на III ударна бригада, и други. Во периодот на изградбата Манаки не оставил некои значајни фотографии. Од ова време секако највпечатлив е моментот на фотографирањето на маршал Тито, при неговата посета во Битола 1957 г.

Овој богат илустративен материјал претставува извонредно оригинално богатство. Како автентичен изворен материјал ќе послужи за обработување и расветлување на низа значајни историски настани.

*А. МАТКОВСКИ и П. АНГЕЛАКОВА*

## ЕДЕН НЕПОЗНАТ ПАТОПИС ЗА ПЛАНИНАТА АТОС ОД ПРЕД 1677 ГОДИНА

Со цел да се издадат што повеќе патописи што се однесуваат до Македонија, го подготвивме и овој мошне редок и непознат патопис од пред 1677 година.[1]) Според нас, патописот е важен за црковната, културната и стопанската историја на Македонија. Верно е дека постојат повеќе патописи и описи на Света Гора, но овој има посебно значење тоа што е многу стар, поради деталите што ги опишува во монашкиот живот и поради бројот на монасите во секој манастир, а посебно поради бројот на манастирите на планината Атос за време на патувањето на патописецот.

Патописот е пишуван на англиски јазик и е објавен во Лондон во 1677 година, што значи — патувањето било извршено барем неколку години порано. Патописот носи наслов: Georgirenes (Joseph), A description of the present state of Samos, Nicaria, Patmos and mount Athos, by Joseph Georgirenss . . . London, M. Pitil, 1677, in-8⁰.

Овој редок патопис, издаден во ограничен број примероци, ние го ползувавме од Националната библиотека во Париз, каде што се чува под сигнатура J. 18530.

---

[1]) Види Д-р Матковски Александар. Еден француски патеписец низ Македонија (1665—1669); Историја, год. IV, бр. 2, Скопје, 1968, стр. 126—138.